Врз основа на член 140 став 3 од Законот за вршење на нотарските работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/96), министерот за правда донесе

# П Р А В И Л Н И К ЗА КРИТЕРИУМИТЕ ЗА БРОЈОТ И РАСПОРЕДОТ НА СЛУЖБЕНИТЕ СЕДИШТА НА НОТАРИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Со овој правилник се утврдуваат критериумите за бројот и распоредот на службените седишта на нотарите на подрачјето на Република Македонија.

Член 2

Бројот на нотарите на подрачјето на секој основен суд се определува во зависност од бројот на жителите на тоа подрачје, според последниот службен попис и тоа по правило на секои 20.000 жители се именува по еден нотар.

За подрачјето на основните судови во чија надлежност е водењето на судскиот регистар, се именува уште по еден нотар.

Како критериум за определување на бројот на нотарите може да се земе и бројот на регистрираните правни лица на подрачјето на еден основен суд.

Член 3

Службеното седиште на нотарот, по правило се определува во седиштето на основниот суд за чие подрачје е именуван нотарот.

Службеното седиште на нотарот може да се определува и надвор од седиштето на основниот суд на чие подрачје е именуван и тоа во седиштето на општината на подрачјето на тој суд доколку таа општина има 20.000 жители.

Ако подрачјето на општината од став 2 од овој член има повеќе од 20.000 жители, во седиштето на таа општина се определува уште по едно нотарско службено седиште на секои започнати 20.000 жители.

Член 4

За подрачјето на основниот суд чие седиште во поголемите градови е нотарско службено седиште, седиштето на нотарот се определува по правило по населби или квартови, според критериумите од член 3 од овој правилник.

Член 5

Ако на начинот определен во членот 4 од овој правилник, не може да се утврди нотарското службено седиште, тоа се утврдува за сите нотари во исто место.

Член 6

Составен дел на овој правилник е нацртот на распоредот на службените седишта на нотарите на Република Македонија.

Член 7

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Број 09-2267/1
3 октомври 1997 година
Скопје

Министер за правда
д-р **Ѓорѓи Спасов,** с.р.

## НАЦРТ НА РАСПОРЕД

**на службените седишта на нотарите во Република Македонија**

**Димензија: (210 x 297)**

| Подрачја на општини на територијата на Република Македонија | Стварна и месна надлежност на основните судови | Број на нотари (места) | Службено седиште на нотарот | |
|---|---|---|---|---|
| | | | **Место** | **Број** |
| **БЕРОВО**<br>Пехчево | Берово | 1 | Берово | 1 |
| **БИТОЛА**<br>Бистрица<br>Новаци<br>Бач<br>Старавина<br>Могила<br>Кукуречани<br>Цапари<br>Добрушево | Битола | 7 | Битола | 6 |
| **ДЕМИР ХИСАР**<br>Сопотница | Битола одделение Демир Хисар | | Демир Хисар | 1 |
| **ВИНИЦА**<br>Блатец | Виница | 1 | Виница | 1 |
| **ГЕВГЕЛИЈА**<br>Миравци<br>Богданци<br>Стар Дојран | Гевгелија | 3 | Гевгелија | 2 |
| **ВАЛАНДОВО** | Гевгелија Одделение Валандово | | Валандово | 1 |
| **ГОСТИВАР**<br>Неготино-Полошко<br>Врапчиште<br>Ростуше<br>Маврови Анови<br>Чегране<br>Долна Бањица<br>Србиново<br>Вруток | Гостивар | 6 | Гостивар | 6 |
| **ДЕБАР**<br>Центар Жупа | Дебар | 2 | Дебар | 2 |
| **ДЕЛЧЕВО**<br>Македонска Каменица | Делчево | 2 | Делчево | 2 |
| **КАВАДАРЦИ**<br>Конопиште<br>Росоман | Кавадарци | 3 | Кавадарци | 3 |
| **КИЧЕВО**<br>Другово<br>Осломеј<br>Вранештица<br>Зајас | Кичево | 4 | Кичево | 3 |
| **МАКЕДОНСКИ БРОД**<br>Самоков<br>Пласница | Кичево Одделение Македонски Брод | | Македонски Брод | 1 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **КОЧАНИ**<br>Чешиново<br>Облешево<br>Зрновци<br>Оризари | Кочани | 3 | Кочани | 3 |
| **КРАТОВО** | Кратово | 1 | Кратово | 1 |
| **КРИВА ПАЛАНКА**<br>Ранковце | Крива Паланка | 2 | Крива Паланка | 2 |
| **КУМАНОВО**<br>Липково<br>Орашац<br>Клечовце<br>Старо Нагоричане | Куманово | 7 | Куманово<br>Липково | 6<br>1 |
| **КРУШЕВО**<br>Житоше | Крушево | 1 | Крушево | 1 |
| **НЕГОТИНО**<br>Демир Капија | Неготино | 2 | Неготино | 2 |
| **ОХРИД**<br>Белчишта<br>Косел<br>Мешеишта | Охрид | 4 | Охрид | 4 |
| **ПРИЛЕП**<br>Долнени<br>Тополчани<br>Кривогаштани<br>Витолишта | Прилеп | 5 | Прилеп | 5 |
| **РАДОВИШ**<br>Конче<br>Подареш | Радовиш | 2 | Радовиш | 2 |
| **РЕСЕН** | Ресен | 1 | Ресен | 1 |
| **СВЕТИ НИКОЛЕ**<br>Лозово | Свети Николе | 2 | Свети Николе | 2 |
| **СТРУМИЦА**<br>Ново Село<br>Василево<br>Босилево<br>Куклиш<br>Муртино | Струмица | 5 | Струмица<br>Ново Село | 4<br>1 |
| **СТРУГА**<br>Луково<br>Делогожди<br>Лабуништа<br>Велешта<br>Вевчани | Струга | 4 | Струга | 4 |
| **ТЕТОВО**<br>Џепчиште<br>Теарце<br>Брвеница<br>Камењане<br>Боговиње<br>Шипковица<br>Желино<br>Јегуновце<br>Вратница | Тетово | 9 | Тетово<br>Теарце<br>Желино | 7<br>1<br>1 |
| **ВЕЛЕС**<br>Богомила<br>Градско<br>Чашка<br>Извор | Велес | 4 | Велес | 4 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **ШТИП**<br>Карбинци | Штип | 5 | Штип | 4 |
| **ПРОБИШТИП**<br>Злетово | Штип<br>Одделение<br>Пробиштип | | Пробиштип | 1 |
| **АРАЧИНОВО** | Скопје II | | | |
| **СТУДЕНИЧАНИ** | Скопје II | | | |
| **ЗЕЛЕНИКОВО** | Скопје II | | | |
| **ПЕТРОВЕЦ** | Скопје II | | | |
| **ИЛИНДЕН** | Скопје II | | | |
| **СОПИШТЕ** | Скопје II | | | |
| **САРАЈ** | Скопје I | 1 | Сарај | 1 |
| **КОНДОВО** | Скопје I | | | |
| **ЧУЧЕР-САНДЕВО** | Скопје II | | | |
| **ГАЗИ БАБА** | Скопје II | 5 | Гази Баба | 5 |
| **ЃОРЧЕ ПЕТРОВ** | Скопје I | 2 | Ѓорче Петров | 2 |
| **КАРПОШ** | Скопје I | 4 | Карпош | 4 |
| **КИСЕЛА ВОДА** | Скопје II | 7 | Кисела Вода | 7 |
| **ЦЕНТАР** | Скопје I | 6 | Центар | 6 |
| **ЧАИР** | Скопје II | 5 | Чаир | 5 |
| **ШУТО ОРИЗАРИ** | Скопје II | | | |